**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Педесет и шестата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 23 ноември 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, по завршување на Шеесеттата седница (14,50 часот).

На седницата претседаваше г-динот Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, по Првата точка.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално за збор се јави г-динот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Бидејќи се работи навистина за сложен и обемен закон на кој се поднесени повеќе амандмани, досега околу 60 само од пратеници и пратенички групи, во меѓувреме и Владата вчера поднесе амандмани, мислам дека ќе биде многу тешко да водиме дебата на пленарна седница. Мојата сугестија е, се разбира ако министерот прифати, да работиме утре во состав на Комисијата за одбрана каде што би оделе член по член и она што би било договор на таа Комисија да преставува фактички 99% прочистување на текстот, а на седница на Собранието да одиме само со гласање по законот.

Тоа е предлогот на Пратеничката група на СДСМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Лазар Китановски.

Го слушнавме неговиот предлог.

Дали министерот сака да земе збор?

Има збор г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Мислам дека во собраниските комисии имавме работа, одржавме неколку седници. Јас ги изнесов констатациите дека таму работата се одвиваше многу конструктивно, немам никакви забелешки за начинот и односот во текот на работата на седниците на собраниските комисии, но напротив меѓувреме се поднесоа повеќе амандмани, во ред се, ние ги погледавме амандманите и подготвени сме да се изјасниме каков е нашиот став по однос на нив.

Амандманите што ги поднесува Владата, тие се поднесени затоа што амандманите што се прифатени од било кој пратеник или пратеничка група во два три случаи предизвикуваат односно повлекуваат барање други амандмани да бидат малку прецизирани, бидејќи промената на еден амандман може да се однесува и на други.

Целата причина е во тоа, инаку Владата не си поднесува самата амандмани така што не би сакал со една така дискретна политичка доза да се политизира и прашањето на законот за одбрана понатаму, бидејќи во одредени ставови очигледно и тоа го има.

Според тоа ние сме подготвени да продолжиме на оваа седница и да се изјасниме за кој амандман е нашиот став.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на министерот за одбрана, г-динот Љубен Пауновски.

Го слушнавме и неговиот одговор по предлогот на пратеникот Лазар Китановски.

Г-динот Лазар Китановски повторно се јави за збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ве молам, во овој предлог нема никаква политичка боја. Јас можам да заклучам дека со оглед на амандманите, нивната комплексност дека би било добро Министерството уште еднаш да ги погледа тие амандмани затоа што од она што министерот го понуди како амандмани на Владата земени се само делови од амандмани, значи тие се убедени дека се тие добри амандмани, меѓутоа истргнати делови кои практично не ја задржуваат целината на закон кој според наше мислење е најдобар за Република Македонија и кој најмногу комуницира со стандардите на земјите членки на НАТО. Значи, желбата е да се донесе добар закон, ништо друго.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно се јави за збор министерот за одбрана.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Јас се согласувам и верувам дека навистина и на таква желба да се донесе што подобар закон за одбрана, бидејќи тоа е нешто што на сите ни е потребно.

Уште еднаш сакам да повторам дека ние сме убедени дека сме ги погледнале амандманите многу добро и дека сме подготвени да одговориме кој го прифаќаме,

кој делумно го прифаќаме, кој не го прифаќаме и зошто не го прифаќаме.

Меѓу другото од следниве причини што вчера не сакав да полемизирам со одредени ставови, меѓутоа во контекст на поддршка на тоа дека сме подготвени ќе посочам некој такви прашања. Се тврди дека прв пат се почнува, некој во ова собраниска сала тврди дека се почнува од нас. Напротив јас во моето излагање соопштив дека Армијата на Република Македонија, целината на Армијата на Република Македонија, Министерството за одбрана, и законите и нејзиното функционирање се добро дело на една одлична проценка и високо пројавена национална свест 1990-1991 година, кога ја формиравме нашата држава. Така што такви злоупотреби да се импутираат после јасно изложено експозе од моја страна за преставување на законот мислам дека не е добро така да се заведува македонската јавност.

Второ, да се тврди дека зад овој закон не би се потпишале ниеден експерт од било која земја членка на НАТО, иако мислам дека не е место токму и за тоа да се говори овде треба да бидеме претпазливи кога даваме такви мислења и такви гаранции, бидејќи зад содржината на овој закон со целосно позитивни мислења се изјаснија сите земји членки на НАТО каде што ние кај сите нив го доставивме текстот на законот и од таму добивме позитивни оценки со минимални сугестии како да го дооформиме. Сето тоа е вградено г-дине Китановски и за Ваша информација уште еднаш повторувам сите земји членки на НАТО и сите земји за партнерство за мир го добија законот и ни дадоа повратен одговор.

И, меѓу другото, за ваша информација уште еднаш сакам да посочам, покрај големото значење и огромната стручна улога што ја одиграа луѓето од Министерството за одбрана, кои се таму службеници по 20-тина години, а вие тврдевте дека некој ги променил, исклучителна, корисна и неверојатна стручна улога одиграа членовите на МПА и тимот кој вие го споменавте и јас сакам пред македонската јавност да истакнам огромна благодарност во име на македонската држава, бидејќи Законот за одбрана не е прашање на еден сегмент за некој периферни работи, туку суштински столб е на тоа. Голема благодарност да знаат македонските граѓани дека ние немаме само една декларативна поддршка од НАТО, како целосна структура од сите земји, членки на НАТО, туку имаме навистина искрена, би рекол, во сите сегменти професионална, искрена, би рекол, во сите сегменти поддршка кон Македонија. И, од друга страна, сето тоа, можам да ви кажам дека навистина има во себе и квалитети и елементи на искрено пријателство, бидејќи нивните заложби и секојдневното присуство при подготовка на овој закон, за нас беше драгоцено и секој ден тие луѓе се во Министерството за одбрана и се на наше располагање да ги консултираме за сите прашања. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш му благодарам на министерот за одбрана.

Повторно за збор се јави пратеникот Китановски Лазар.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Лично немам информации какви сугестии дале членките на НАТО или пак МПА и групата со која што јас потпишав договори и знам со кои обврски таа дојде во Република Македонија. Таа група дојде со обврска да помогне во обуката и обучувањето на старешини за обука на Армијата на Република Македонија, иако таа порано беше во Хрватска, своевремено таа група. Во таа група нема експерт за правна материја. Тоа се извонредни одлични експерти, да речеме за крупна работа, за работа со единици и навистина се едни од најдобрите во светот. Зошто? Ако тие дале сугестија која беше дадена во законот, каде што се даваат посебни овластувања, во случајот на Генерал штабот, или внесување во закон, ве молам не ги ставате во непријатна ситуација. И, околу прашањето на командувањето. Во американскиот систем командуваат цивилите со Армијата. Тие, не верувам дека не го знаат, незнам како се случило тоа, еве ја скицата на Секретаријатот за одбрана на Соединетите Американски Држави, каде што стои секретарот за одбрана, заменикот секретар и на исто рамниште се има департмани посебно на пешадија, на авијација и на морнарицата, генералниот инспектор, потсекретарот и шефот на штабот, кој е едно од одделенијата на Министерството за одбрана. А, вие, во текстот првата варијанта, сега направивте измена, го ставате како посебно тело. Тоа значи дека не верувам тие господа, кој високо ги ценам, дека дале таква сугестија. Сега ќе прочитам експертска анализа на Универзитетот за одбрана во Вашингтон за односот помеѓу цивилната власт и

Армијата. На пример, првата илустрација после анализата за односите на сите сегменти во односите цивилна власт и Армија. Началникот на здружениот Генерал штаб нема командни овластувања. Тој ги советува претседателот и министерот за одбрана, неговата управа, значи, тоа е на ниво на управа, координира меѓу борбените команди. Неговата управа планира, таа не командува. Ланецот на командување во борба тргнува од претседателот до министерот за одбрана, до командантот кој командува во услови на борба. Но, мора да постои процес кој ги поврзува борбеното планирање, планирањето на националната безбедност, изготвување на програми и буџетирање, тоа што беше во другата глава, и набавки. Во тој процес мора да биде вклучена професионалната проценка за нејзиниот воен штаб и тоа е точно она што е во управата на претседавачот на здружениот штаб. Јас ви ги спомнав американските прописи, еве ги директивите на претседателот на САД каде што кажува што е задачата, на пример на шефот на штабот, на министерот итн., никаде немате ставено во законот. И, проблемот на раководењето и командувањето за кое зборував и другите елементи, така што ве молам да внимавате кога се повикувате на експерти, не ги ставајте во непријатна ситуација. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот.

Јас мислам да продолжиме. Со општиот претрес ние завршивме вчера.

Законодавно-правната комисија, поднесе амандмани на член 1 став 3 и 5, член 2, член 9 став 3 и 5, член 42 став 3, член 53, член 54 став 4, член 64 точка 1, 5 и 6, член 67 став 3, член 78 за менување на местата на ставовите 2 и 3, на поднасловот пред член 82, член 86 став 4, член 88, член 98 став 2, на поднасловот пред членот 101, член 117 на насловот на Главата X, член 28, член 130, член 131, член 133, член 144 став 3, член 145 став 2 и 3, член 152 став 6, член 167 став 1 точка 1 на член 170 за менување на став 2, со кој се согласил претставникот на Владата, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана, поднесе амандман на член 1 став 1 и 5, со кој се согласил претставникот на Владата, и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана, поднесе амандман на член 48 став 4, по кој Владата е се произнела.

Владата на Република Македонија, поднесе амандмани на член 18 за додавање нова точка 12 по точка 11, точка 13 за бришење на алинејата 3 и на алинејата 4, член 20 за менување на точка 36 и за бришење на точката 38, член 27 за додавање нова точка 8 по точката 7, член 129 за бришење на член 130, член 131, став 1 и 2, и истите ги повлече. Владата на Република Македонија, поднесе амандмани за бришење на член 19, член 134, за менување на став 3, член 135, за менување на став 3, член 136 за менување на став 3, за додавање нов член 140, член 144 за бришење на став 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање ново подзаглавие и на нов член 15-а по насловот на глава III; член 16 за додавање нов став 2; член 18 точка 12 алинеја 3; за менување на член 23, за бришење на член 24; член 26 за менување на став 1; член 27 став 1 за менување на точката 1 и на член 42 за менување на ставовите 2 и 3, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски поднесоа амандмани на член 9 за менување на став 7 и за додавање нов став 8 по ставот 7; член 10 за додавање нов став 4 по ставот 3; член 14 за менување на став 2, за менување на местата на став 2 и 3, за бришење на став 4 и за менување на став 7; член 16 за додавање нова точка 8 по точката 7; член 18 точка 13 за бришење на алинеја 5; за менување на членот 23; за бришење на член 24; глава IV за менување на точка 5; за менување на член 31 и на член 42 за менување на ставовите 2, 3 и 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски поднесоа амандмани на член 1 став 5; член 9 став 1, за додавање нов став 5 и на став; член 16 за додавање нова точка 8 по точката 7; член 17 став 1 за додавање нова точка 5-а по точката 5, точка 9 и на став 2; член 18 за додавање нова точка 2-а по точката 2, точка 12, за додавање нова алинеја 3 по алинеја 2 и за менување на алинеја 3; член 20 точка 2, за додавање нова точка 5-а по точката 5, за додавање нова точка 17-а по точката 17, точка 19, точка 43, за

додавање нова точка 47-а по точката 47 и за додавање нов став 2; член 21 став 2 за додавање нова точка 3-а по точката 3; за додавање нова глава III-а по член 21 со нови членови 21-а; 21-б; 21-в и 21-г; член 25 за менување на став 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2; на поднасловот "2 Генерал штаб на Армијата" и за бришење на членовите 26, 27 и 28; на поднасловот "3. Командување во Армијата" и за бришење на член 29; член 31; член 35 точка 2; член 38; член 42 став 1; член 48 за бришење на став 3; член 49 став 3; за менување на член 86; член 102 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 128; член 131 за додавање три нови ставови по ставот 1; за бришење на член 139; за додавање нова Глава XI-а со нови членови 142-а; 142-б и 142-в; член 143 за менување на став 1 и 2; за менување на член 144; член 145 став 2 и 3 и на член 169, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благој Стојковски поднесе амандман на член 70 за додавање нова точка 3-а по точка 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски поднесоа амандмани на член 1 за менување на став 1 и на став 3, 4 и 5; член 3 за додавање нов став 3 по став 2; член 9 став 2 и 7; член 14 став 6; член 17 став 1 за додавање нова точка 1 пред точката 1; член 20 точка 8; за бришење на член 23; член 24 за додавање нов став 2; член 28 став 2; член 29 за бришење на став 2; член 42 за бришење на став 2; за менување на насловот на Глава IX и за заменување на зборовите "Цивилна заштита" со зборовите "Цивилна одбрана" во целиот текст на Предлогот на законот; член 133 и на член 134 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандмани на член 27 став 1 точка 18 и на член 102 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Лазаров поднесе амандмани на член 1 став 5, член 150 став 1 и на член 151 став 1 и за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мухамет Таири и Мевљан Таири, поднесоа амандмани на член 3 став 1 и на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40, по кои Владата не се произнела.

На амандманот на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40 се приклучи и пратеникот Амди Бајрам.

Пратениците Мухамед Таири и Мевљан Таири поднесоа амандман на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40, по кој Владата не се произнела.

Истовремено, пратениците Мухамед Таири и Мевљан Таири го повлекоа амандманот II на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40 под архивски број 07-3701/17 од 22 ноември 2000 година.

Пратениците Мухамед Таири, Мевљан Таири, Јонуз Абдулаи, Алија Шахиќ, Фатмир Етеми, Назми Кадриу, Биљал Лутфии и Фадил Бајрами поднесоа амандман за додавање нов член 170-а по членот 170, по кој Владата не се произнела.

На овој амандман се приклучи и пратеникот Амди Бајрам.

Пратеникот Латиф Пајковски поднесе амандман за додавање нов член 170-а по членот 170, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 1 и на став 3, 4 и 5, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се прифаќа овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2, поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 5, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од пратениците Мухамед Таири и Мевљан Таири.

Го морам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи, не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, 16 пратеници гласаа за, 38 гласаа против, и 3 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Реакција на пратениците поради тоа што сметаат дека нема доволно кворум за гласање).

Има кворум затоа што во салата се присутни 74 пратеници.

(Пратениците реагираат и бараат поединечно да се избројат пратениците кои се присутни во салата).

Добро, ги молам службите да ги пребројат пратениците, за да видиме дали имаме кворум или не.

(После пребројувањето на пратениците).

Значи, имаме доволно пратеници, имаме кворум и можеме да продолжиме со работа.

Значи, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот по член 3 став 1, поднесен од пратениците Мухамет Таири и Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 3, за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Амди Бајрам. Повелете.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас сакав да се придружам на тој амандман, нормално, но бидејќи не се прифаќа, истиот амандман е, нема проблем, значи јас дадов поддршка и тоа е тоа.

Го повлекувам.

**ИЛКЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање на нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Љубен Пауновски, министер за одбрана.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи предлогот да служат и жените во резервен состав, тие немаат служено редовен состав, тоа е несоодветно.

Инаку, претпоставувам дека намерите се добри.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи, амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Мирчевски Звонко.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Се извинувам г-дине потпретседателе, не слушнав за кој член станува збор, за кој амандман стана збор?

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Член 3, за додавање нов став 3 по ставот 2.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Би сакал да го образложам овој амандман.

Го предложивме со цел да има една таква корекција во тој член во Законот за одбрана, по ставот 2 на членот 3 се додава нов став 3 кој гласи: "жените подлежат на обврска за служење во резервниот состав на одбраната".

Нашето образложение е дека амандманот се предлага заради усогласување со членот 9 од Уставот на РМ, според кој граѓаните на Република Македонија се еднакви пред Уставот и законите. Така што со овој амандман сакавме само да го усогласиме со Уставот тој член 3.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Мирчевски Звонко.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 16 за, 5 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за додавање нов став 5 и на став 5 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Љубен Пауновски, министер за одбрана.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот делумно се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот не се прифаќа?.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Делумно се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Нема такво. Или се прифаќа или не се прифаќа.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Станува збор за причината зошто не се прифаќа, затоа што се цени дека цивилното служење на воениот рок не треба да се врши во комуналните дејности.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи, амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Видете, може делумно да се прифати, доколку е тоа прифатливо.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да, само во таква ситуација Владата треба да поднесе амандман.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ако сакате целосно образложение зошто делумно би биле подготвени да го прифатиме. За тоа треба да има подготвеност да се поднесе нов амандман.

Еве кои се причините: Во функција на воедначување на текстот на амандманот со останатите ставови на овој член, потребно е, наместо зборовите "организациите, единиците, установите" да стои "организациите, установите и единиците" наместо зборовите "Влада на Република Македонија" да стои "Владата", што е во согласност со член 9 став 2, заради редакциско подобрување на текстот. Зборот "добиено" да се брише. Тоа е образложението.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ако може да го вратам потпретседателот на Собранието, бидејќи во членот 9, став 1 имаме амандман на став 1, па потоа доаѓа ставот 5, за кој што вие зборувате. Би сакал да се вратите на членот 9 став 1, каде што после зборот "здравство" се додава зборот "комунални‟.

Дали тоа го прифаќа Владата?

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Не.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Членот 9 став 1 не се прифаќа.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Би сакал да укажам дека има многу области што се одвиваат во рамките на сегашните општини, на комунални ниво, каде исто така може да се служи цивилна воена обврска. Тоа е особено во заштитата на животната средина, во областа на културата, социјалната и детска заштита. Во многу земји може да биде цивилно служење во некои здравствени установи, детски градинки на пример културни установи, бидејќи со нашиот закон за култура имаме установи од национално значење и оние другите.

Исто така, има многу детски градинки и училишта каде луѓе од одреден профил можат многу да помогнат преку цивилното служење на воената обврска. Тоа беше идејата. Со тоа само се отвора можност и таму да го служат својот рок, со тоа што, се разбира, министерот со правилник тоа ќе го детализира. Тоа беше идејата.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам. Нема промени во ставот од страна на Владата.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Во текстот на законот е појаснето во кои установи може да се служи цивилниот рок. Во комуналните установи, типично комуналните установи се цени дека има служби што можат малку повеќе, како да речам, да го загрозат дигнитетот на личноста и да влезат во многу поделикатни работни задачи, што несоодветствуваат на она што се сака да се постигне со цивилно служеше на воениот рок. Тие служби и установи што се предвидени, сепак имаат карактер на хуманитарни, здравствени, хуманитарни, социјални, противпожарни и во нив можат да се организираат со такви дополнителни правила, како ќе бидат донесени, за разни потреби. На вчерашната седница беа спомнати некои искуства од некои земји што се употребуваат во контекст на грижата на зачувување на шумскиот фонд. Преку соодветни установи што веќе беа наброени, може во тој контекст да бидат ставени во функција. Така што овие делови од установите што вие ги спомнавте, не влегуваат во комуналните дејности. А, типичните комунални дејности сепак подразбираат една професија што не сме толку убедени дека ќе соодветствува на карактерот и на причините поради што се дозволува цивилно служење на воениот рок, туку би влегле во едни дејности и работни обврски што имаат малку или можат да отворат сериозни дилеми за користењето на служењето на цивилниот рок на одредена личност. Тоа се причините.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 15 за, 5 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1, за додавање нов став 5 и на став 5 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 и 7, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Љубен Пауновски, министер за одбрана.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Мирчевски Звонко.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, господине министер, во однос на нашиот амандман на членот 9 став 2, нашата интервенција се однесува во таа смисла што мислиме дека паралелно со Законот за одбрана треба во Министерството за одбрана и Владата на РМ, да се направат напори за изготвување нов закон за Армија.

Уште во септември, кога беше свикана седницата и кога бевме убедувани дека овој закон треба да се донесе по итна постапка, укажав на нашето мислење дека сметаме за еден ваков системски закон, што е од суштинско значење за одбраната на нашата земја, особено од нашите аспирации, за вклучување во членството на колективните безбедносни системи, нашата сугестија беше дека Законот за одбрана треба да оди во редовна постапка, односно да не оди во итна постапка. Имаше доволно време во овие два месеци да се направи нешто и на полето на изготвување на Законот за Армија на Република Македонија.

Доколку се случеше тоа, и доколку Владата покажеше малку посериозна намера од овие два аспекти да се регулира сферата на одбраната, мое лично мислење е дека на денешнава седница не ќе имаше потреба амандмански да интервенираме во повеќе сегменти од законот.

Така што, сите овие корекции што сега ги правиме со амандмани, во една редовна собраниска процедура, во првата фаза ќе ги регулиравме и сега ќе беше избегнато ваквото полемизирање во однос на овие членови за кои што сметаме дека се суштински во однос на тоа да донесеме квалитетен закон за одбрана, согласно напатствијата што ги добиваме, што ги имаме добиено и што ги има добиено Министерството за одбрана уште во 1998 година.

Нашата интервенција е во таа смисла што амандманот го предлагаме од причина што во тек е подготовка на Законот за служба во Армијата, со што ќе се уредат сите прашања што се однесуваат на воената обврска на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за 10, воздржани 8 против 40.

Бидејќи се присутни 66 пратеници, можеби некој не притиснал, ќе ве замолам уште еднаш ако може да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, 16 за, 10 воздржани и 31 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9, став 2 и 7, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 7 и за додавање нов став 8 по ставот 7, поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Љубен Пауновски, министер за одбрана.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за 14, воздржани 4, и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за менување на став 7 и за додавање нов став 8 по ставот 7, поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски.

Отворам претрес по амандманот на член 10, за додавање нов став 4, по ставот 3, поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Љубен Пауновски, министер за одбрана.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави пратеникот Китановски Лазар.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Овде има некое недоразбирање.

Незнам дали овде на седницата или кај министерот.

Вториот амандман на групата пратеници, фактички се три амандмани.

Тоа е првиот амандман што не се прифати, потоа следи додавање нов став после ставот 4, за додавање нов став 5 после ставот 4, настана спор дали министерот го прифаќа или не го прифаќа и на крајот, во наредниот став се додава дека контрола врши и Министерството за одбрана. Тоа е на постојниот став, мислам ставот 5. Значи, тоа се три амандмани. Првиот не го прифати, вториот и третиот не, нешто мисли министерот.

Второ, настана спорно тоа што делумно да се прифати, а не се изјасни за третиот дел од овој амандман.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Китановски Лазар.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Ханџиски Благој.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Би го замолил министерот да даде појаснување зошто е неприфатлив амандманот на членот 10 ставот 3. Кои се причините?

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, тој амандман беше пред овој амандман.

Сега имаме член 10 ....

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Сега е на дневен ред амандманот на член 10 за додавање нов став 4 по ставот 3.

Амандманот гласи:

"Во членот 10 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи.

Ако во текот на служењето на воениот рок, согласно членот 8 од овој Закон, регрутот побара да го продолжи служењето на воениот рок, согласно членот 7, поднесува писмено барање до Министерството за одбрана.

Решението по барањето донесува Комисијата од Министерството за одбрана во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Во решението Комисијата го утврдува времето за дослужување на воениот рок, согласно членот 7 на овој закон.

Против решението од Комисијата на ставот 4 на овој член регрутот може да поднесе жалба во рок од 15 дена до второстепената комисија на Владата".

Вие го прашавте министерот дали се прифаќа амандманот, министерот одговори дека не се прифаќа.

Го замолувам да даде образложение зошто овој амандман е неприфатлив.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ханџиски Благој.

Дали претставникот на Владата, министерот бара збор? (Да).

За збор се јави министерот за одбрана, г-динот Пауновски Љубен.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Добро, не се јавив, но бидејќи се бара дополнително објаснување, во ред е.

Станува збор, за амандман што ќе даде можност регрут, кој веќе го почнал служењето на воениот рок да се предомисли врз основа на приговор на совеста. Мислам дека треба да е многу логично, ако започнал да го служи воениот рок, самата постапка на определување на валидноста на приговорот на совеста подразбира дека ќе ги наруши соодносите меѓу месеците предвидени за служење на воениот рок во единиците и служеше на воениот рок во цивилните служби. Тогаш ќе се наруши или нема да може да се воспостават толку прецизни критериуми два месеци служење во Армијата на РМ, за колку треба да се пресметаат во тие 14 месеци цивилна служба на воениот рок.

Мислам дека е премногу очигледна причината зошто не би се дала оваа можност. Таму е дадена можност за цивилно служење со законот и оној кој има приговор на совест, треба да се изјасни до денот на влегување во единиците на АРМ, да го служи воениот рок. Тоа е причината и мислам дека е многу јасна.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го слушнавме одговорот на министерот за одбрана.

За збор се јави пратеникот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дине потпретседателе, господине министер, почитувани колеги, служењето воен рок без оружје или во цивилна служба функционира во државите членки на НАТО кон чија што интеграција тежиме со децении. Досегашната пракса покажува дека има бројни случаи, регрут да почне да служи воен рок во соодветна Армија без оружје или во цивилна служба и после извесно време да побара да го дослужи воениот рок согласно одредбите на членот 7 од понудениот закон.

Затоа во сите закони на регрутите кои ќе побараат да го дослужат воениот рок не без оружје и во цивилна служба, туку согласно одредбите на членот 7 им се дава можност да можат да го дослужат воениот рок и затоа се создава законска основа да може со посебен правилник овие прашања за кои зборуваше министерот да се уредат и тоа право регрутот да може да си го оствари.

Воопшто не е новина која до сега не постоела во праксата за да биде толку комплициран проблемот како да се пресметаат месеците кои ги служел во Армијата без оружје и колку месеци треба да дослужи, условно да кажам, со оружје односно согласно одредбите од членот 7.

Спрема тоа, во сите закони таква можност се дава и едноставно не можам да разберам зошто не е прифатлив амандманот или зошто изворно во самиот закон не е дадена таква можност која постои во законите на другите држави каде е дадена можност да се служи воен рок без оружје или во цивилна служба.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

16 пратеници гласаа за, 39 против и 2 воздржани.

Изгледа дека немаме кворум. Ќе ве замолам дајте уште еднаш да гласаме.

Ве молам гласајте.

17 пратеници гласаа за, 36 против и 4 воздржани, а присутни во салата се 63, а вкупно гласаа 57, веројатно некој заборавил да гласа.

Тогаш по трет пат ќе го повториме гласањето.

Ве молам уште еднаш, по трет пат да гласаме.

Од вкупно 66 пратеници во салата гласале 54 од кои 16 за, 4 воздржани и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 2, за менување на местата на став 2 и 3, за бришење на став 4 и за менување на став 7, поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господинот Китановски бара процедурално.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине потпретседател и вие сте уморни и ние, паѓа концентрацијата. Јас реков во членот 9 имаме практично три амандмани. Едниот се расчисти, на вториот министерот се двоумеше дали да го прифати или не и потоа следи уште еден амандман врзан за него. Која е идејата? Војниците кои служат цивилно да не бидат злоупотребувани за некое недостојно извршување на задачи. Да не смета некој дека служат без оружје, па сега треба некој да им се свети и да ги злоупотребува. Идејата за вториот и третиот дел од амандманот е институциите или органите да кажат на кои места ќе ги ангажираат тие млади луѓе и следниот дека Министерството треба да врши контрола дали навистина ги вршат своите функции согласно овој закон за одбрана и согласно другите закони. Тоа се двата дела од овој амандман.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ставот 4 и ставот 5 се прифаќаат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Видете, не може делумно да се прифати.

Можете да поднесете нов амандман.

Овде или се прифаќа или не се прифаќа.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Видете, ставот 1 од членот 9 не се прифаќа, а ставот 4 и ставот 5 се прифаќаат. Затоа реков дека делумно се прифаќа. Ако се согласува, се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали го прифаќате амандманот господине министер?

Одговорете со да или не.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

На членот 9 има став 1, став 4 и став 5.

За нас е прифатлив предлогот по ставот 4 и предлогот по ставот 5 се прифаќа.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе мислам дека со министерот се разбираме. Службата ги ставала амандманите според членовите или главите во група. Она што го предложи министерот е прифатливо. Првиот го одбива, а другите два ги прифаќа и тие стануваат составен дел од законот. Значи, се разбираме. И понатаму ќе има слични такви, па да нема недоразбирање. Во ред е, може и само дел да прифати.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа со тоа што е повлечен првиот дел.

Ве молам уште еднаш една мала интервенција, амандманот мора писмено да биде поднесен. Можете да го повлечете овој аманадман....

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Во овој случај овој амандман го повлекувам, меѓутоа, во некои случаи ќе биде тешко. Затоа нека се реши процедурално генерално, бидејќи службата ги ставила повеќе ставови во ист амандман кој се однесува на еден член или глава. За мене е прифатливо делови од амандманот министерот да прифати, а тие што ќе ги отфрли, тогаш се гласа дали се прифатливи или не за Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Одговорот на претставникот на Владата е дека амандманот не се прифаќа.

Ве молам да гласаме по амандманот.

Во салата се присутни 69 пратеници, вкупно гласаа 48 пратеници, дали е грешка или многумина заборавиле да гласаат, за гласаа 13 пратеници, 30 против и 5 воздржани. Ќе ве замолам дајте уште еднаш да гласаме.

Ве молам гласајте.

Од присутни 70 пратеници гласаа вкупно 60 од кои 16 за, 37 против и 7 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 за менување на став 2, за менување на местата на став 2 и 3, за бришење на став 4 и за менување на став 7, поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 6, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нова точка 8 по точката 7, поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Лазар Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нова точка 8 по точката 7, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Горѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нова точка 8 по точката 7, поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Имаме ист случај. Видете, делот што се однесува за додавање нова точка 8 со првите два става се прифаќа, а делот што се однесува на додавање на ставот 3 во текстот како што е предложен, не се прифаќа.

Значи, пак имаме иста ситуација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали амандманот се прифаќа или не се прифаќа.

Ве молам уште еднаш искажете се не можеме делумно да прифатиме амандман.

Таква е процедурата господине министер или се прифаќа или не се прифаќа.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Тоа е грешка на начинот како се доставени амандманите од страна на Службите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Нека се повлече амандманот, па нека достават нов амандман.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Од тие причини јас предочувам дека имаме амандмани кои делумно ги прифаќаме. Ако тоа задоволува јас соопштувам кои делови ги прифаќаме а кои не. Да се преиначи амандманот и повторно да се поднесе, тогаш би го прифатиле. Во овој случај ако морам да се изјаснам, не се прифаќа. Бидејќи има еден дел кој за нас не е прифатлив.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи, амандманот вака како што е формулиран не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Се јавува господинот Китановски за збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ова мораме да го разрешиме затоа што се работи за многу сериозен амандман кој Владата го прифаќа, а тоа е навистина поголема улога на ова Собрание во однос на Министерството за одбрана.

Бидејќи ние веројатно ќе работиме до 18,00 часот, јас предлагам да се разгледаат сите други амандмани, во меѓувреме да и дадеме на Службата овие 30-тина амандмани да ги разбие така практично ќе испаднат 60 или 70 и тогаш ќе може да оди процедурата како што вие барате и како е можеби во ред. Инаку ние со министерот се разбираме што прифаќа што не прифаќа.

Вие одлучете, тоа е мој предлог.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да го слушнеме министерот за одбрана, господинот Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Видете, очигледно проблемот е во тоа што собраниските служби брзале, па на пет-шест точки ги ставале во еден амандман. Грешката не е ниту кај предлагачот ниту во анализата или ставот што сме подготвени да прифатиме, што мислиме дека нема да прифатиме. Претпоставувам дека собраниските служби имале многу работа, а имаме такви случаи многу. Ако продолжиме вака да работиме ќе се соочиме со корисни предлози кои доаѓаат од разни пратеници, разни пратенички групи каде од пет точки за нас се четири прифатливи, а една неприфатлива, па ќе мораме да прогласиме дека не го прифаќаме амандманот.

Од тие причини, бидејќи имаме многу такви примери морам едноставно да се согласам во интерес и законот и оние предлози кои се квалитетни да дозволиме собраниските служби да ги формулираат онака како што треба. И вчера беше даден предлог од еден пратеник денеска да работи Собраниската комисија, да ги прочисти овие прашања, меѓутоа, од страна на СДСМ тоа не беше прифатено. Ако вие го прифатевте денеска ќе имавме чист текст. Но, се согласувам дека очигледно мора да дозволиме ова да го средат собраниските служби, па да продолжиме да работиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот министер, јас ќе ве замолам сите пратеници кои имаат поднесено амандмани, а кои делумно можат да бидат прифатени од министерот да ги повлечат тие амандмани, да достават нови амандмани. Службите ќе помогнат. Не е грешка кај службите туку кај поднесувачите на амандманите оти тие ги потпишуваат.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Еве јас би предложил утре комисиите на Собранието нека закажат седница, оние кои мислат дека треба да закажат по овие прашања и заедно таму нека се разгледаат, ние го имаме комплетно материјалот кои членови или кои елементи од членовите ги прифаќаме, заедно нека ги разгледаат неколку часа, па ќе имаме чиста ситуација и ќе можеме да дојдеме на седница. Она што всушност вчера пратеникот Ѓорѓи Котевски го предложи, но не беше прифатено.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас го прифаќам ова образложение од министерот.

Утре матичната комисија нека се состане и да ги расчисти овие дилеми околу овие амандмани.

Ја прекинувам седницата, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот).